## 1. ЦЕЛ

Овој документ ги одредува изгледот и правилата за користење на сертификациониот знак на МКД СЕРТИФИКАТ (СТСУ во АМ ЦЕРТ) и повикувањето на сертификација во текст, како и користење на сертификациониот знак на МКД СЕРТИФИКАТ и знакот за акредитација.
Сертификациониот е знак припаѓа и се издава од (СТСТ) МКД СЕРТИФИКАТ во АМ ЦЕРТ и покажува дека системот ги задоволува барањата на соодветниот стандард.
(СТСТ) МКД СЕРТИФИКАТ има договор со ИАРСМ во кој е уредено покрај другото, дека на користењето на комбинираниот ИАРСМ & IAF MLA ЗНАК за клиентите на МКД СЕРТИФИКАТ е забрането.
На клиентите на МКД СЕРТИФИКАТ им е забрането и повикувањето на ЕА МЛА потписничкиот статус на ИАРСМ.

## 2. ОПСЕГ

Ова упатство се применува за сертификација на СМК за стандардот ISO 9001 и се доставува на клиентите на МКД СЕРТИФИКАТ за правилна употреба на сертификациониот знак на МКД СЕРТИФИКАТ (СТСУ во АМ ЦЕРТ) и забраните за користење на комбинираниот ИАРСМ & IAF MLA ЗНАК.

## 3. ОДГОВОРНОСТИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ

Контролата на правилата за користење на сертификациониот знак на СТСУ се спроведува преку Раководителот на СТСУ и Претставникот на раководството. Во процесот на сертификација, аудиторите и експертите на СТСУ се исто должни да вршат мониторинг за почитување на горенаведените правила.

## 4. ПРАВИЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗНАЦИ

### 4.1. ПРАВИЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЕРТИФИКАЦИОНИОТ ЗНАК

#### 4.1.1. Општи правила

Клиентите на МКД СЕРТИФИКАТ (СТСУ во АМ ЦЕРТ) кои поседуваат сертификат издаден од МКД СЕРТИФИКАТ можат да го користат сертификациониот знак за ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001 дополнет со единствен сертификационен број.

Кога се повикува на сертификација без употреба на сертификационен знак, сертифицираниот клиент треба да го вклучи најмалку регистарскиот број на сертификатот.

Само сертифицирани клиенти имаат право да користат сертификационен знак, но им се забранува да прават промени во изгледот, бојата или називот на стандардот. Сертифицираниот клиент има право да го додаде само доставениот сертификационен број од МКД СЕРТИФИКАТ.

Употребениот сертификациониот знак не треба да биде позабележителен од сопственото лого на фирмата барател.

Сертификацискиониот знак се доставува и во електронска форма.

### 4.1.2. Начин на користење

Клиентите на МКД СЕРТИФИКАТ можат да користат сертификационен знаци на МКД СЕРТИФИКАТ на документи под услов овие документи да се однесуваат на активности сертифицирани од СТСУ.

Сертифицираните компании можат да ги користат сертификациониот знак на СТСУ, во:

- Областа на услугите - на писма, кореспонденција, понуди, извештаи, брошури, придружни писма, промотивни материјали, кои се однесуваат на сертифицирани активности;
- Производната област - на писма, кореспонденција, понуди, извештаи, брошури, придружни писма, промотивни материјали, кои се однесуваат на сертифицираните активности.

Сертификациониот знак можат да се користи и на упатства за употреба, фактури, информации за испорака, гаранции, изложбени штандови, но ставени до името на организацијата, а не на производот.

На пакувањето на производот не смее да стои изјава која сугерира дека одреден производ, процес или услуга се сертифицирани.

На амбалажата на производот може да стои изјава која упатува на тоа дека производот е производен во организација која има сертифициран систем за управување. Изјавата треба да биде јасна и недвосмислена и да упатува на тоа дека клиентот има сертифициран систем, односно мора да ги содржи следните информации:

- идентификацијата (на пример, рекламно или трговско име) на сертифицираниот клиент;
- видот на системот за управување (на пример, квалитет, животната средина) и соодветниот стандард; и
- МКД СЕРТИФИКАТ.

На пример: "Овој производ е произведен во /назив на сертифицираниот клиент/, чиј систем за менаџмент со квалитетот е сертифициран во согласност со МКС ЕН ISO 9001:2015 од МКД СЕРТИФИКАТ".

Клиент, кој е сертифициран само за дел од своите активности, може да ги користи сертификациониот знак, под услов дека не создава забуна за кој дел од активностите е издаден сертификатот.

Кога клиентот е распределен на неколку локации, меѓу кои за најмалку една не била обезбедена сертификација, само локациите, чија активност е вклучена во опсегот на сертификатот може да ги користи сертификациониот знак. Кога се издава општ документ, овој документ треба експлицитно да ги декларира сертифицираните локации.

Кога филијала која припаѓа на група организации е сертифицирана (пр., Ltd, која е дел од холдинг со повеќе вакви ДОО) само филијалата ќе го користи сертификациониот знак. Кога се издава општ документ, овој документ треба експлицитно да ја декларира сертифицираната филијала.

Овие правила важат исто така и за употреба на сертификационен знак на електронски документи (на пример Интернет страници).

### 4.1.3. Забрана за користење

Употребата само на логото на МКД СЕРТИФИКАТ е недозволено за клиентите.

Сертификациониот знак не смее да се користи на производот или на начин кој може да биде разбран како демонстрирање на соодветност на производот, ако е сертифициран само системот за менаџирање со квалитет на барателот (добавувачот). Употребата на знаците на производи имплицира сертификација на производи и нејзината амбалажа.Тоа може да ги збуни купувачите (корисниците).

Сертификациониот знак не може да биде доставен или обезбеден за користење на потрошувачи, доставувачи или трети лица, кои не се дел од клиентот.

Сертификациониот знак е поврзан единствено со сертификационите услуги и не е поврзан со други услуги како тестирање и / или обука. Сертификационото тело не дозволува поставување на Сертификациониот знак на протоколи, ниту на извештаите од тестирање/инспекција или калибрационите сертификати.

**4.1.4. Изглед на сертификационен знак:**

## 4.2 ПРАВИЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗНАКОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

**4.2.1. Општи правила**

Клиентите на СТСУ МКД СЕРТИФИКАТ не смее да се повикуваат на статусот на ИАРСМ како потписник на EA MLA договорот.

**4.2.2. Производители на производи**

Клиентите на СТСУ МКД СЕРТИФИКАТ не смеат да го ставаат знакот за акредитација на СТСУ МКД СЕРТИФИКАТ на производи или на нивната амбалажа.

**4.2.3. Лаборатории и инспекциски тела**

Кога сертифицираниот клиентот на СТСУ МКД СЕРТИФИКАТ е лабораторија/инспекциско тело, без оглед дали се акредитирани или не, забрането е лабораторијата/инспекциското тело да го користи знакот за акредитација на СТСУ МКД СЕРТИФИКАТ на извештаите од тестирање/инспекција или калибрационите сертификати кои тие ги издаваат, бидејќи таквите извештаи/сертификати се сметаат како производ на лабораториските/инспекциските активности.

**4.2.4. Услужни дејности**

Во случај на сертификација на системи за управување во областа на услуги, сертифицираниот клиент не смее да го користи знакот за акредитација на кој било производ, поврзан со дадената услуга.

**4.2.5. Изглед на комбинираниот ИАРСМ & IAF MLA знак**:

**МКД СЕРТИФИКАТ ПРИ АМ ЦЕРТ**

Ул. 16-та Македонска бригада бр.2, 1000 Скопје, www.amcert.mk

**Комбинираниот знак го користи само МКД СЕРТИФИКАТ. Сертифицираниот клиент не смее да го користи комбиниот ИАРСМ & IAF MLA знак на МКД СЕРТИФИКАТ.**